До
Собранието на акционери
на БИМ а.д. Свети Николе

# И З В Е Ш Т А Ј
За работата на Одборот на директори на
БИМ а.д Свети Николе за период
01.01.2020 – 31.12.2020 година

Свети Николе, април 2021 год.

Во текот на 2020 година Одборот на директори на БИМ а.д. Свети Николе работеше согласно Законот за трговски друштва, Статутот и Општиот колективен договор од областа на стопанството, редовно заседаваше и ги превземаше потребните активности за непречено работење на Друштвото.

Во текот на  2020 година Одборот на директори работеше во следниот состав :

1.Стојанче Стојанов- Претседател на Одбор на директори
2.Ѓорги Стојанов-Извршен член– Генерален директор
3.Слободан Ивановски–неизвршен член
4. Владимир Гилев - неизвршен член
5.Тане Бошев- независен неизвршен член

Во рамките на своите надлежности Одборот на директори ги вршеше сите активности поврзани со работата на друштвото освен оние за кој е надлежен повисокиот орган на управувањето а тоа е Собранието на акционери.

Во периодот од 01.01.2020 до 31.12.2020 година одржани се вкупно 17 состаноци на Одборот на директори и тоа во согласност со укажаните потреби на друштвото. На истите е запазено учеството на потребниот број на членови за одржување на потребниот кворум за работа и полноправно одлучување.

На состаноците беа разгледувани прашања од редовното работење на друштвото, а исто така и прашања од општ интерес на друштвото. Донесени се  52 (педесет и две) одлуки.

Во овој  период на состаноците на Одборот на директори се разгледуваше и одлучуваше по повеќе прашања и тоа :

- Разгледување на редовните извештаи поднесени од страна на Извршниот директор за работата на друштвото  како и за финансиската состојба на истото. Сите извештаи беа позитивни и одобрени од Одборот на директори;
- Разгледување на Годишен извештај и завршна сметка на Друштвото за 2019 година;
- Разгледување на извештајот од Централната пописна комисија по направениот годишен попис;
- Се донесе одлука за свикување на Собрание на акционери;
- Се донесе одлука за услови за продажба за 2020 год. ;
- Се донесоа одлуки за промена на цени на готови производи во текот на 2020 година;
- Се донесе одлука за усвојување на Правилник за дополнување на Правилникот за организација на работните места – систематизација ;
- Се разгледа и се усвои Полугодишниот извештај од Службата за внатрешна ревизија на Друштвото;
- Се разгледа и се усвои  Конечниот извештај за извршената ревизија на процес на одржување на процесната опрема во БИМ а.д. Свети Николе  ;
- Се разгледа и се усвои Конечниот извештај за извршената ревизија на банкарски изводи за исплата на средства во БИМ а.д. Свети Николе;
- Се разгледа и се усвои Конечниот извештај за извршената ревизија на процес на управување со човечки ресурси во БИМ а.д. Свети Николе;

- Се одобри исплата на регрес за годишен одмор за 2020 година за вработените во Друштвото;
- Се донесе одлука за вршење на попис со состојба 31.12.2020 година и за формирање на Централна пописна комисија;
- Се донесоа одлуки за набавка на основни средства;
- Се одобри исплата на новогодишен надоместок за вработените во Друштвото;
- Се одобрија средства за набавка на рекламен материјал за новогодишни подароци и др. ;
- Се донесоа одлуки за службени патувања во странство;
- Се донесе одлука за осигурување на имотот на БИМ а.д. Свети Николе.

Од погоре наведеното може да се заклучи дека Одборот на директори на БИМ а.д. Свети Николе во текот на 2020 година редовно заседаваше и се запознаваше со проблемите во Друштвото и превземаше активности со цел да се обезбеди поуспешно работење на Друштвото.

Од ОДБОР НА ДИРЕКТОРИ
на БИМ а.д. Свети Николе